K
И
2004)8
Georg-Eckert-Institut BS78
1 034 619 8

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## - ПРЕДМЕТНА НАСТАВА -

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО
# *ИСТОРИЈА*

**VIII одделение**

Скопје, 2004 година

Georg-Eckert-Institut
für internationale
Schulbuchforschung
Braunschweig
-Schulbuchbibliothek -
2005/2025

MK
Z-1
(1,2004)8

# VIII ОДДЕЛЕНИЕ
**(неделно: 2 часа; годишно: 72 часа)**

## ЦЕЛ НА НАСТАВАТА

Цел на наставата по историја во основното образование е учениците да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесе во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, кон она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократија, како и да го продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

## ЗАДАЧИ:

- учениците да ги користат и соодветно да ги употребуваат суштинските поими и термини карактеристични за овој историски период како што се: колонијализам, фронт, толеранција, антанта, централни сили, фашизам, националсоцијализам, студена војна, агресија, болшевизам, диктатура, тоталитаризам, малцинство, федерација, иселеништво, устав, комунизам, капитулација, миграција, национализација, деколонизација, окупација, инвазија, блоковска поделба, плурализам, колективизација, индустријализација;
- да ги издвојуваат настаните, процесите, промените и личностите карактеристични за светот, Европа, Балканот и Македонија од почетокот на Првата светска војна до денес;
- да ги наведуваат причините за големите воени судрувања на државите во XX век и последиците за одделни народи и за човештвото во целина;
- да ги објаснуваат причините за распаѓањето на големите империи во Европа и колонијалните сили во светот и настанувањето на новите држави по Првата и Втората светска војна, како последица на тој процес;
- да ги поврзуваат одделните демократски и тоталитарни системи во Европа и светот со нивните појавни карактеристики;
- информирани се за постојните меѓународни институции кои работат за чување на мирот, меѓународната соработка и разбирање, за јакнењето на правата и слободите на граѓаните, за толеранција и решавање на конфликтите и за афирмирање на другите вредности на граѓанското општество;

- да ги воопштуваат карактеристиките на “студената војна” по Втората светска војна, блоковската поделба, пропаѓањето на тоталитарниот комунистички режим и ги објаснуваат позитивните страни на современите интеграциони процеси во Европа и пошироко во светот;
- да го познаваат животот на македонскиот народ во поделена Македонија, да ја сфаќаат политичката дискриминација и национална асимилација во периодот меѓу двете светски војни, да го објаснуваат континуитетот и етапите на борбата за национална и социјална слобода за обезбедување државност;
- да ги издвојуваат основните придобивки од антифашистичката и националноослободителната борба на македонскиот народ во текот на Втората светска војна;
- да ги наведуваат причините и последиците од распаѓањето на СФРЈ, раздружувањето на Македонија од СФРЈ без војна и почетокот на осамостојувањето на Република Македонија во економски, политички и културен поглед;
- да ги посочуваат аспектите на брзиот развој на науката, појавата и улогата на нови технологии во производството, комуникациите и нивното влијание на севкупниот живот на човекот - граѓанин на планетата Земја.

| НАСТАВНА ТЕМА: ЕВРОПА, БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Учениците да ги осознаат причините за војната и да ги разликуваат од нејзиниот повод;<br>- да ги објаснуваат најосновните карактеристики на оваа војна и нејзините последици;<br>- да знаат за Версајскиот мировен договор. | *Средства:* карта за Првата светска војна, на Европа, Балканот и на Македонскиот фронт; дијафилм и видеозаписи за Првата светска војна; текстови за војната од историска читанка и други прилагодени текстови; фотографии и слики од фронтовите и позадината. |
| 2. БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ И НАРОДИ ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Да знаат за учеството на балканските држави на страната на двата сојузи;<br>- да ја опишуваат положбата на цивилното население;<br>- да ги сфатат последиците од војната за балканските земји. | *Активности:*<br>Учениците изработуваат:<br>- хронолошка таблица за најважните настани од почетокот до крајот на војната;<br>- проекти на тема за Првата светска војна во Европа, Балканот и Македонија.<br>- графички организатор грозд за тематско повторување. |

| | | |
|---|---|---|
| 3. МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br><br><br><br><br><br>4. АЛБАНИЈА ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Да знаат за положбата на македонскиот народ во позадината и на фронтот;<br>- да ги осознаат последиците од војната за македонскиот народ.<br><br><br><br>- Да знаат за меѓународната положба на Албанија во текот на Првата светска војна и за нејзиното учество во истата (Албанците под окупацијата на Австро-Унгарија и Бугарија);<br>- да знаат отпорот на Албанците против освојувачите. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: СВЕТОТ, ЕВРОПА И БАЛКАНОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНИ | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. СВЕТОТ ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Да ги знаат последиците од Версајскиот мировен договор;<br>- да ги воочат и осознаат основните појави и процеси на меѓународен план (економските кризи, фашизмот, нацизмот);<br>- да ги сфатат промените во секојдневниот живот на луѓето по војната. | *Средства:*<br>- карти на Европа, Балканот, Турција; Албанија; историски атлас; слики, фотографии, карикатури; историска читанка; видеозаписи и други електронски помагала за личностите на Мусолини, Хитлер, фашизмот, нацизмот, големата економска криза; Кемал Мустафа Ататурк.<br><br>*Активности:*<br>- изработка на Т-табела за позитивни и негативни личности од периодот меѓу двете светски војни;<br>- изработка на писмени состави за клучни историски личности и правење проекти по групи;<br>- изработка на Т-табела за Турција пред и по доаѓањето на Кемал Ататурк на нејзино чело; |
| 2. ТУРЦИЈА СТАНУВА РЕПУБЛИКА | - Да знаат за промените кои се случувале во Турција како последица од Првата светска војна;<br>- да ја сфатат модернизацијата на турското општество и улогата на Кемал Мустафа Ататурк. | |
| 3. СОЗДАВАЊЕ НА КРАЛСТВОТО СХС | - Да ги сфатат причините и начинот на формирањето на Кралството СХС;<br>- да знаат за противречностите со кои било оптоварено Кралството на СХС на економски и политички план. | |

| | | |
|---|---|---|
| 4. БУГАРИЈА И ГРЦИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ | - Да знаат за состојбите во Бугарија, нејзиниот политички систем и меѓународната положба;<br>- Да знаат за внатрешните состојби и меѓународните односи на Грција; | - да направат споредбена табела во три колони за Албанија, Бугарија и Грција во периодот меѓу двете светски војни; |
| 5. АЛБАНИЈА ОД 1918-1928 ГОД. | - Да знаат за конгресите во Драч и Љушња;<br>- да знаат за албанското прашање на мировната конференција;<br>- да знаат за ослободителните востанија на Албанците против туѓите окупатори и за конечното меѓународно признавање на Албанија;<br>- да знаат за Јунската револуција во Албанија (1924) и за Албанската република. | - да состават хронологија на историјата на Албанија меѓу двете светски војни;<br>- изработуваат проект за Албанија меѓу двете светски војни. |
| 6. КРАЛСТВОТО АЛБАНИЈА ОД 1928 - 1939 ГОДИНА | - Да знаат за воспоставувањето на Кралството и за економско-политичките односи во истото;<br>- да ја објаснуваат меѓународната положба на Албанија;<br>- да знаат за просветата и културата. | |

| | | |
|---|---|---|
| 7. ПОЛОЖБАТА НА АЛБАН-ЦИТЕ ВО КРАЛСТВОТО НА СХС | - Да знаат за влијанието на аграрната реформа и колонизацијата на Кралството СХС (Југославија) врз албанското население;<br>- да знаат за политиката на насилно иселување на Албанците (во Турција и Албанија);<br>- да ја објаснуваат просветно-културната политика на власта кон Албанците;<br>- да знаат за формите на отпор на Албанците против власта. | |
| 8. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ ПРИЛИКИ КАЈ АЛБАНЦИТЕ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ | - Да ги објаснуваат карактеристиките на граѓанското општество;<br>- да знаат за просветата, книжевноста, издавачката дејност и уметноста. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| МАКЕДОНЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ<br><br>1. МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ | - Да знаат за односот на политичките режими на Југославија, Грција, Бугарија и Албанија кон посебноста на македонскиот народ;<br>- да знаат за положбата на македонскиот народ во соседните држави;<br>- да ги толкуваат низ конкретните состојби поимите: денационализација и асимилација, колонизација, раселување и интернација.<br><br>- Да знаат за состојбите во македонското националноослободително движење во услови на неговото дејствување во различни држави;<br>- да знаат за начините на делување и програмските цели на најважните организации и групи на македонското националноослободително движење. | <u>*Средства:*</u><br>- Карта на Македонија по Првата светска војна; текстови од историска читанка и други прилагодени текстови за положбата на Македонците под власта на различни режими; фотографии и слики од македонските села и градови; фотографии на личности од политичката и културната историја.<br><br><u>*Активности:*</u><br>Учениците изработуваат:<br>- хронолошка таблица за најважните настани од историјата на Македонија меѓу двете светски војни;<br>- низ активноста играње на улоги (драматизација) се претставува положбата на Македонците во различните балкански држави;<br>- се прави табела со паралелен пресек за положбата на Македонците во балканските држави;<br>- се изработуваат куси состави за поважни личности од македонската историја меѓу двете светски војни; |

| | | |
|---|---|---|
| 2. МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ | - Да ги сфатат причините за неповолната меѓународна положба на македонскиот народ;<br>- да знаат за решавањето на македонското национално прашање во рамките на меѓународните конференции и организации и за односот на големите сили. | - час од интерактивна настава: составуваат биографија за Коста Рацин и обработуваат избор од неговата поезија;<br>- составуваат состав за положбата на Македонците во Кралството Југославија врз основа на поезијата на Рацин и текстот од учебникот и други текстови. |
| 3. АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА СВЕСТ, ЈАЗИК И КУЛТУРА | - Да знаат за засилениот процес на афирмација на македонската национална свест;<br>- да знаат за најважните творци и творби на Македонците со кои се афирмирал македонскиот јазик и култура. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: СВЕТОТ, ЕВРОПА И БАЛКАНОТ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА од 1939 – 1945 ГОДИНА<br><br>2. ХОЛОКАУСТОТ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br>3. СИЛИТЕ НА ОСКАТА И БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ | - Да знаат за причините за избувнувањето на Втората светска војна;<br>- да знаат за односот на силите во војната и за пресвртните моменти;<br>- да знаат за крајот и последиците од војната.<br><br>- Да знаат за причините на Холокаустот и антисемитизмот;<br>- да знаат за концентрационите логори и обемот на жртвите на Холокаустот;<br>- да знаат за последиците од Холокаустот.<br><br>- Да знаат за односот на балканските влади кон силите на оската;<br>- да знаат за улогата на балканските држави во окупаторскиот систем. | *Средства:*<br>- карта на светот, Европа, Балканот; дијафилмови и видеозаписи за Втората светска војна; текстови за војната од историска читанка и други прилагодени текстови; фотографии и слики од фронтовите и позадината и на важни учесници во војната;<br>- фотографии од концентрационите логоди.<br><br>*Активности:*<br>Учениците изработуваат:<br>- хронолошка таблица за најважните настани од почетокот до крајот на војната;<br>- проекти на теми за Втората светска војна (за одделни битки, фронтови или балкански држави).<br>- графички организатор грозд за тематско повторување;<br>- проект на тема: Од Холокаустот и концентрационите логори;<br>- изработуваат паралелен пресек за состојбите во Албанија, Грција, Бугарија во текот на Втората светска војна. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. ЈУГОСЛАВИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Да знаат за почетокот на војната и окупацијата на Југославија;<br>- да ги воочат фашистичките и антифашистички сили на тлото на Југославија;<br>- да знаат за крајот на Втората светска војна во Југославија. | - изработуваат Т-табела во која на едната страна ги внесуваат силите на балканските народи кои соработувале со окупаторите, а на другата оние кои се приклучиле кон антифашистичкото движење;<br>- проекти на теми за Втората светска војна во Албанија, Грција и Бугарија. |
| 5. ГРЦИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br><br><br><br>6. БУГАРИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br><br><br><br><br><br><br><br>7. АЛБАНИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Да знаат за фашистичкиот напад и окупацијата на Грција;<br>- да знаат за текот на војната и за учесниците во неа;<br>- да знаат за положбата на цивилното население.<br><br>- Да знаат за причините за стапувањето на Бугарија на страната на силите на оската;<br>- да знаат за појавите на отпор во Бугарија и за положбата на населението;<br>- да знаат за капитулацијата на Бугарија во 1944 и за нејзината преориентација.<br><br>- Да знаат за италијанската и германската окупација на Албанија; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - да знаат за отпорот на албанскиот народ против италијанската и германската окупација;<br>- да ги разликуваат ставовите и дејноста на одделните политички организации. | |
| 8. АЛБАНЦИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ГРЦИЈА ВО ВРЕМЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Да знаат за окупационите системи (италијански, бугарски и германски) и за положбата на Албанците;<br>- да знаат за борбата против окупаторите;<br>- да знаат за просветата и културата во текот на Втората светска војна. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. ОКУПАЦИЈА И ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>2. ВООРУЖЕНОТО ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1941 ГОД.)<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>3. НОБ ВО МАКЕДОНИЈА ( 1942 – 1944 ) | - Да знаат за текот на окупацијата на Македонија и нејзината поделба на окупациони подрачја;<br>- да знаат за положбата на населението во градот и селото и за неговиот однос кон окупаторите;<br>- да знаат за депортацијата на Евреите од Македонија, за нивната судбина и последиците од Холокаустот спроведен во Македонија.<br><br>- Да знаат за видовите на отпор на населението;<br>- да знаат за платформата на одделните политички сили кон националноослободителната борба на македонскиот народ;<br>- да знаат за организирањето и почнувањето на вооруженото востание.<br><br>- Да знаат за тешкотиите низ кои се развиваше НОБ во 1942/1943 година;<br>- Да знаат за прераснувањето на вооруженото востание во сенародна ослободителна антифашистичка борба; | *Средства:*<br>- карта за Втората светска војна на Балканот и во Македонија; текстови за војната од историска читанка и други прилагодени текстови; фотографии и слики од фронтовите и позадината и од поважни борци во НОБМ;<br>- фотографии од депортацијата.<br><br>*Активности:*<br>Учениците изработуваат:<br>- хронолошка таблица за најважните настани од почетокот до крајот на војната во Македонија;<br>- проекти на тема за Втората светска војна во Македонија;<br>- собираат по едно живо сведоштво за НОБ во Македонија во вид на писмен состав;<br>- анализираат фотографии и документи од војната;<br>- прават драматизација за да ја претставaт ослободителната борба и положбата на Македонците во деловите на окупирана Македонија.<br>- прават состави и проекти за одделни истакнати борци во НОБ. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА И УЧЕСТВОТО НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ОСЛОДУВАЊЕТО НА ЈУГОСЛАВИЈА<br><br>5. ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БУГАРИЈА (1941-1944) | - Да знаат за ослободувањето на Македонија од фашистичката окупација;<br>- да знаат за учеството на Македонците во пробивањето на Сремскиот фронт и во ослободителните дејствија на север од Југославија.<br><br>- Да знаат за положбата на Македонците во Пиринска Македонија;<br>- да знаат за националноослободителните стремежи на Македонците и нивната ослободителна борба. | - прават драматизација на Првото заседание на АСНОМ преку доделување на улоги;<br>- изработуваат албум за Македонија во Втората светска војна;<br>- анализираат фотографии и документи за депортацијата на Евреите од Македонија. |
| 6. ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА (1941-1944 ) | - Да знаат за положбата на Македонците под окупаторскиот систем;<br>- да знаат за начините на отпор и за организираната национално-ослободителна борба на Македонците;<br>- да знаат учеството на Македонците во заедничката антифашистичка борба со грчкиот народ. | |

| | | |
|---|---|---|
| 7. СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА | - Да знаат за подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ;<br>- да знаат за одлуките на Првото заседание на АСНОМ;<br>- да знаат за односот на меѓународната јавност кон создавањето на македонската држава. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: СВЕТОТ, ЕВРОПА И БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА<br><br>2. ПОДЕМ И КРИЗИ НА СОЦИЈАЛИЗМОТ<br><br>3. ОПШТЕСТВЕНО - ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРОМЕНИ НА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ | - Да знаат за противречностите помеѓу големите сили и за блоковската поделба на светот;<br>- да знаат за формирањето на најважните европски асоцијации и нивната улога;<br>- да знаат за кризните жаришта во светот по Втората светска војна.<br><br>- Да знаат за воспоставувањето на советскиот модел на социјализмот во источноевропските земји и за сталинизацијата на општествено-економските и политичките системи на источно-европските земји;<br>- да го сфатат процесот на десталинизација и распадот на социјализмот.<br><br>- Да знаат за политичките промени во балканските држави;<br>- да знаат за основните појави и процеси во општествено-економскиот живот на балканските држави;<br>- да знаат за состојбите со човековите права. | <u>*Средства:*</u><br>- карта на светот, Европа и Балканот по Втората светска војна; текстови на документи (повелбата на ООН и други) и други прилагодени текстови; фотографии и карикатури за светот и Европа по Втората светска војна; документарини филмови и други видеозаписи за најновата историја.<br><br><u>*Активности:*</u><br>Учениците изработуваат:<br>- хронолошка таблица за најважните настани од крајот на Втората светска војната во Македонија;<br>- проекти на теми за светот и Европа по Втората светска војна;<br>- анализираат фотографии, документи, изводи од печат и карикатури;<br>- Прават споредби (Т-табела или Венов дијаграм) за состојбите помеѓу две балкански држави 1944-1991)<br>- Прават состави за одделни истакнати личности од историјата на светот, Европа и Балканот; |

| | | |
|---|---|---|
| 4. АЛБАНИЈА ОД 1944-1990 г. | - Да знаат за ослободувањето на Албанија и воспоставувањето на комунистичка власт;<br>- да знаат за колективизацијата на албанското село;<br>- да знаат за меѓународните односи на Албанија;<br>- да знаат за просветата и културата. | - Вршат споредба (преку табели, проекти, состави, играње на улоги) за состојбите со човековите права и почитувањето на правата на националните малцинства во различните балкански држави;<br>- составуваат Т-табела или Венов дијаграм за улогата и положбата на жената (во патријахното семејство и на еманципираната жена во едно современо семејство). |
| 5. АЛБАНЦИТЕ ВО АВНОЈСКА ЈУГОСЛАВИЈА И ГРЦИЈА ОД 1945 – 1990 ГОДИНА | - Да знаат за положбата на Албанците во рамките на внатрешното административно-територијално уредување на авнојска Југославија;<br>- да ги сфатат причините за иселувањето на Албанците во Турција;<br>- да знаат за Брионскиот пленум (1966), за уставната положба според Уставот од 1974 година и за положбата во периодот 1981-1989;<br>- да знаат за положбата на албанското малцинство во Грција и односот на грчките власти кон истото. | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. КУЛТУРНО – ПРОСВЕТНИОТ РАЗВИТОК НА АЛБАНЦИТЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА | - Да знаат за развојот на основното и средното образование;<br>- да знаат за развојот на високото образование и научните институции. | |
| 7. ЈУГОСЛАВИЈА И АЛБАНИЈА ВО ПЛУРАЛИСТИЧКИТЕ И ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ | - Да знаат за економската и политичката криза во Албанија при крајот на 80-те години;<br>- да знаат за причините за распаѓањето на југословенската федерација;<br>- да знаат за воспоставувањето на повеќепартиска парламентарна демократија во Албанија и во земјите на бившата СФРЈ. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНИ | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ ПРИЛИКИ ВО МАКЕДОНИЈА | - Да знаат за најважните мерки на стопанската политика и нивните последици за економскиот развој на Република Македонија;<br>- да знаат за етапите на развојот политичкиот систем до 1991 година. | *Средства:* карта на Македонија по Втората светска војна; текстови од историска читанка, печатот и други прилагодени текстови; фотографии, слики и карикатури.<br><br>*Активности:*<br>Учениците изработуваат:<br>- хронолошка таблица за најважните настани во Македонија 1944-2001;<br>- проекти на тема за Македонија по Втората светска војна;<br>- собираат по едно живо сведоштво за животот на своето семејство во периодот 1944-1991;<br>- прават состави и проекти за одделни истакнати личности од политичката и културната историја;<br>- прават куси состави за најважните верски празници на одделните религии;<br>- прават споредба (Т-табела или Венов дијаграм) за разликите во општесвено-економскиот и политичкиот систем на РМ до 1991 и по 1991 год.;<br>- изработуваат проект: Моето семејство во периодот 1991-2001 година (каде живее, со што се занимава, кои |
| 2. ПОЛОЖБАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА И ЕТНИЧКИ ГРУПИ ВО МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1944-1991) | - Да знаат за етничкиот состав на населението до 1991 година;<br>- да знаат за основните политичко-правни акти со кои се регулирале правата на националните малцинства и етнички групи во Македонија. | |
| 3. САМОСТОЈНА И НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА | - Да знаат за начинот на осамостојување на РМ;<br>- да знаат за промените во политичкиот и економскиот систем;<br>- да знаат за меѓународните односи и меѓународната положба на РМ. | |

| | | |
|---|---|---|
| | | се членовите на семејството, промените што настанале итн.); |
| 4. МАКЕДОНСТАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА | - Да знаат за процесот на осамостојување на МПЦ и нејзиниот однос со другите православни цркви;<br>- да знаат за организацијата и функционирањето на МПЦ. | |
| 5. ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА И ДРУГИТЕ ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА | - Да знаат за организационата поставеност на ИВЗ и на другите верски заедници во Македонија;<br>- да знаат за начинот на делување на верските заедници. | |
| 6. ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА | - Да знаат за достигањата во сферата на образованието;<br>- да знаат за најважните научни институции;<br>- да знаат за најважните институции и достигања во обласла на културата. | |

| | | |
|---|---|---|
| 7. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТЕН РАЗВОЈ НА АЛБАНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА (1944-1991) | - Развојот на основното и средното образование;<br>- развојот на високобразован научен кадар и на научните дејности;<br>- достигањата и придонесот на Албанците во културниот развој на РМ. | |
| 8. ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ | - Да знаат за положбата на Македонците во Пиринска Македонија и за односот на бугарските власти кон нивните национални права и посебност;<br>- да знаат за положбата на Македонците во Егејска Македонија и за односот на грчката политика кон признавањето на нивната национална посебност;<br>- да знаат за положбата на Македонците во Албанија;<br>- да ги споредуваат правата на Македонците во соседните држави, во однос на правата на етничките заедници и во РМ. | |



Georg-Eckert-Institut
für internationale
Schulbuchforschung
Braunschweig
-Schulbuchbibliothek -

| | | |
|---|---|---|
| 9. ИСЕЛЕНИШТВОТО ОД МАКЕДОНИЈА ВО СВЕТОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Да знаат за причините за миграциите на населението од Македонија;<br>- да знаат за најголемите миграциони центри на македонските граѓани и за начинот на живот и прилагодување во новата средина;<br>- да знаат за врските на иселениците со татковината. | |

***ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ 46 НАСТАВНИ СОДРЖИНИ, НАСТАВНИЦИТЕ ВО СВОЕТО ГОДИШНО И ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ ЗАДОЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА РЕАЛИЗИРААТ 34 НАСТАВНИ СОДРЖИНИ.***

# Основни знаења и способности

**Ученикот во VIII одделение стекнал основни знаења и способности ако:**

- ги знае причините за Првата светска војна;
- ги опишува настаните за време на Октомвриската социјалистичка револуција;
- го определува учеството на балканските народи во Првата светска војна;
- го објаснува ставот на големите сили на Мировната конференција за македонското прашање;
- ги истакнува македонските политички организации во странство кои пред светската јавност го покренуваат македонското прашање;
- знае за фашизмот во Италија и национал-социјализмот во Германија;
- ги истакнува постигањата на Турција за прераснување во современа и граѓанска држава;
- раскажување за животот на македонскиот народ меѓу двете светски војни;
- го разбира поставувањето на македонското прашање пред Друштвото на народите;
- ги објаснува причините за Втората светска војна;
- го поврзува отпорот и соработката на балканските народи против окупаторот;
- знае за вооруженото востание во Македонија во 1941 година;
- ги објаснува дејствувањата на партизанските одреди во 1942 година, формирањето на Главниот штаб и ЦК на КПМ;
- ги истакнува големите операции во Македонија (Февруарскиот поход, Пролетната офанзива);
- ги знае одлуките на АСНОМ и значењето на натамошното продлабочување на борбата:
- ја определува улогата и значењето на ООН, ОБСЕ, ЕС, ЕУ;
- знае за општествено-економските и политичките промени во Македонија во Втората светска војна во рамките на југословенската федерација;
- ја објаснува определбата на Македонија за градење на граѓанско и демократско општество;
- го разбира политичкиот плурализам, парламентарните избори и новиот Устав во Република Македонија.

## ПРОФИЛ НА НАСТАВЕН КАДАР

- Филозофски факултет – Институт по историја;
- Педагошки факултет – Институт по историја – географија.

## НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗГОТВИ РАБОТНАТА ГРУПА :

1. Живко СТЕПАНОСКИ, раководител, педагошки советник по историја во БРО
2. д-р Виолета АЧКОСКА, професор на Филозофскиот факултет – Скопје
3. д-р Тодор ЧЕПРЕГАНОВ, Институт за национална историја – Скопје
4. д-р Коста АЦИЕВСКИ, професор на Филозофски факултет – Скопје
5. д-р Рамиз АБДУЛИ, Институт за национална историја – Скопје
6. д-р Сефедин ЕЛЕЗИ, Министерство за образование и наука
7. д-р Халим ПУРЕЛКУ, професор во Гимназијата "Зеф Љуш-Марку" – Скопје
8. Невена ПЕТКОСКА, професор во ОУ "Димо Хаџи – Димов" – Скопје
9. Хидаета МУСЛИУ, наставник во ОУ "Љубен Лапе" – Скопје
10. Неби ДЕРВИШИ, професор во УСО "Нико Нестор" – Струга
11. Миланчо ПЕТКОВ, педагошки советник по историја во БРО